Multicultural HIV/AIDS and Hepatitis C Service

NSW HEALTH

*NSW Health Factsheet - Macedonian*

# Врската меѓу туберколоза (ТБЦ) и ХИВ-вирусот – Информативен лист

***The connection between TB and HIV***

Ова е информативен лист за туберколоза (ТБЦ) и вирусот на хумана имунолошка инсуфициенција (ХИВ-вирусот), кој го предизвикува синдромот на стекната имунолошка инсуфициенција (СИДА). Веројатноста лицата кои го имаат ХИВ-вирусот да се заразат од други инфекции и болести е поголема. Туберколозата е една од овие болести. Ако ве дијагностицирале дека имате туберколоза или ако го имате ХИВ-вирусот, тогаш овој информативен лист е за вас.

Од проценетите 40 милиони лица кои живеат со ХИВ-вирусот или СИДА, околу 13 милиони исто така имаат туберколоза. Навременото откривање е важно ако имате ХИВ-вирус и туберколоза за да можете да започнете да примате лекарства за двете заболувања. Ако овие две заболувања не се лекуваат, тие заедно може да предизвикаат многу сериозни болести.

## ДЕЛ 1: ТУБЕРКОЛОЗА (ТБЦ)

### Што е туберколоза?

Туберколозата ја предизвикува бактерија (бакцил). Таа е болест која обично ги зафаќа белите дробови, меѓутоа секој друг орган може да биде зафатен, на пример, мозокот, бубрезите или ‘рбетот. Туберколозота може да биде активна во телото или латентна (притаена). Ако не се лекува, активната туберколоза може да предизвика сериозни здравствени проблеми или дури смрт.

### Како се пренесува туберколозата?

Бактериите (бакцилите) на туберколоза се пренесуваат од лице на лице преку воздухот и тоа обично кога лице кое има туберколоза во активна форма кашла, се смее, кива или пее. Секое лице во близината може да ги вдише овие бактерии на туберколоза и да се разболи. Туберколозата НЕ се пренесува преку заедничко користење на домашни прибори, шољи или чинии, или преку плунката при бакнување со некого.

### Кои се симптомите на активната туберколоза?

Лицата кои имаат активна туберколоза обично:

| | |
|---|---|
| • се чувствуваат физички слаби или болни,<br>• брзо губат телесна тежина<br>• кашлаат (понекогаш со крв) и имаат болки во градите | • имаат треска и<br>• се потат преку ноќ<br>• или понекогаш немаат никакви симптоми |

### Која е разликата меѓу активната и притаената туберколоза?

Лицата кои имаат активна туберколоза се болни од големиот број на бактерии на туберколоза кои се активни во нивното тело. Лицата кои имаат притаена туберколоза исто така ги имаат бактериите кои предизвикуваат активна туберколоза, меѓутоа тие не се болни затоа што бактериите се латентни (притаени) во нивното тело. Обично, овие лица биле изложени на бактериите на туберколоза во минатото. Меѓутоа, притаената туберколоза кај овие лица може да премине во активна туберколоза во иднина, посебно ако тие исто така го имаат ХИВ-вирусот.

| Ако имате **активна туберколоза**, тоа значи дека: | Ако имате **притаена туберколоза**, тоа значи дека: |
| --- | --- |
| • Имате бактерии на активна туберколоза во вашето тело<br>• Сте болни и може да имате симптоми, на пример, кашлате, имате треска, слабеете, чувствувате умор и се потите преку ноќ<br>• Можеби можете да им ги пренесете бактериите на туберколоза на други лица<br>• Може да примате лекарства за да се излечите од болеста | • Имате бактерии на туберколоза, меѓутоа тие не се активни<br>• Не сте болни<br>• Не можете да ги пренесувате бактериите на туберколоза на други лица<br>• Може да примате лекарства за да спречете да се разболите од туберколоза во активна форма во иднина |

## ДЕЛ 2: ВИРУС НА ХУМАНА ИМУНОЛОШКА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА (ХИВ-вирус)

### Што е ХИВ-вирус?

ХИВ-вирусот е вирус што може да прдизвика СИДА. ХИВ-вирусот го напаѓа одбранбениот систем (имунитетот) на телото. Ако се заразите со ХИВ-вирусот, тогаш вие сте ХИВ позитивни. Тоа значи дека ХИВ-вирусот влегол во вашиот крвоток.

### Како се пренесува ХИВ-вирусот?

ХИВ-вирусот се наоѓа во телесните течности, на пример, во крвта, спермата и вагиналните течности, како и во мајчиното млеко. До заразување со ХИВ-вирусот може да дојде само кога една или повеќе од овие течности од заразено лице влегуваат во крвотокот на друго лице.

ХИВ-вирусот се пренесува само на следните начини:

- Со сексуални односи без користење на презерватив (сексуални односи без заштита)
- Со употреба на заеднички игли, шприцеви и друга опрема за вшприцување дрога
- Од мајката на детето во текот на бременоста, при пораѓање или доење
- Преку трансфузија на крв и/или крвни продукти (во Австралија, проверка на крвните продукти за присуство на ХИВ-вирусот се врши од 1985 г.)

ХИВ-вирусот НЕ МОЖЕ да се пренесува преку: кашлање, бакнување, кивање, плукање, плачење, заедничко користење на прибор за јадење, постелнина, клозети, тушеви или преку било каков вид на случајни контакти со други лица.

### Кои се симптомите на ХИВ-вирусот?

Не можете да кажете дека некое лице го има ХИВ-вирусот само преку гледање. Повеќето лица кои го имаат ХИВ-вирусот изгледаат здрави и немаат никакви симптоми. Може да поминат неколку години пред било какви симптоми да започнат да се покажуваат и многу лица кои го носат ХИВ-вирусот самите не го знаат тоа.

### Која е разликата меѓу ХИВ-вирусот и СИДА?

Хив-вирусот го напаѓа имунитетот на телото. Ако ХИВ-вирусот не се лекува, тој го оштетува имунитетот така да тој повеќе не може да се бори против вообичаените инфекции и лицето е изложено на ризик да се разболи од некоја болест и дури да умре. Оваа состојба е позната под името СИДА – Синдром на стекната имунолошка инсуфициенција.

Ако го имате ХИВ-вирусот, тоа значи дека:

- Го имате вирусот кој предизвикува СИДА
- Можеби немате никакви симптоми
- Можете да се лекувате

## ДЕЛ 3: ТУБЕРКОЛОЗА И ХИВ-вирусот – ТЕСТИРАЊЕ И ИСПИТУВАЊЕ

ХИВ-вирусот го ослабува имунитетот - "ја отвара вратата за други инфекции" – што значи, ако имате ХИВ-вирус и притаена туберколоза, тогаш постои поголема веројатност да заболите од туберколоза во активна форма.  Ако овие две заболувања не се лекуваат, тие заедно може да предизвикаат многу сериозна болест.

### Зошто е важно да направам тест за туберколоза ако го имам ХИВ-вирусот?

Ако го имате ХИВ-вирусот, важно е да дознате дали имате притаена туберколоза, затоа што постои поголема веројатност таа да премине во активна туберколоза кај лицата со ХИВ-вирус.  Ако имате притаена туберколоза истовремено со ХИВ-вирусот, тогаш може да се лекувате.

### Зошто е важно да направам тест за ХИВ-вирусот ако имам активна туберколоза?

Ако боледувате од активна туберколоза, важно е да дознаете дали го имате ХИВ-вирусот, затоа што лицата кои имаат активна туберколоза понекогаш исто така го имаат и ХИВ-вирусот.  Важно е да се проверите, така да можете да се лекувате ако имате ХИВ-вирус и активна туберколоза.

### Кои тестови треба да ги направам за туберколоза?

Три вообичаени тестови може да се направат во било која клиника за белодробни заболувања во Нов Јужен Велс.  Тие се:

- Кожен туберкулински тест (TST-тест), исто така познат под името Манту тест
- Рендгенска снимка на белите дробови
- Тест на исплувок (плунка) од белите дробови

Со овие тестови може да се утврди дали сте биле изложени на туберколоза во минатото (притаена туберколоза) или дали имате активна туберколоза. Во клиниката одлучуваат кои тестови ќе биде потребно да се направат.

### Кои тестови треба да ги направам за ХИВ-вирусот?

Крвна слика за присуство на ХИВ-вирусот може да се направи во било која клиника за полово здравје во Нов Јужен Велс или тоа може да го направи вашиот доктор.

### Кои се трошоците?

Сите тестови за утврдување на туберколоза се БЕСПЛАТНИ во клиниките за белодробни заболувања во Нов Јужен Велс.  Можеби ќе треба да закажете преглед пред да отидете во клиниката за белодробни заболувања, меѓутоа нема да ви треба Medicare картичката.

Тестот за утврдување на ХИВ-вирусот е БЕСПЛАТЕН  во клиниките за полово здравје во Нов Јужен Велс и за него не ви е потребна Medicare картичката. Тестот исто така може да го направи вашиот локален доктор, меѓутоа за тоа ќе ви треба Medicare картичката.

## ДЕЛ 4: ЛЕКУВАЊЕ НА ТУБЕРКОЛОЗА И ХИВ-вирусот

### Видови лекувања за туберколоза

Активната туберколоза може да се лекува и да се излечи кај луѓе кои го имаат ХИВ-вирусот. Активната туберколоза се лекува со комбинација на антибиотици најмалку 6 месеци. Медицинска сестра ве надгледува кога го земате лекарството за туберколоза за да провери да не се појават некои несакани последици и да осигура да го завршите лекувањето.

Притаената туберколоза кај луѓе кои исто така го имаат ХИВ-вирусот се лекува 6 месеци со антибиотици за да се спречи таа да премине во активна форма на туберколоза.

## Видови лекувања за ХИВ-вирусот

Моментно, не постои лек за ХИВ-вирусот и СИДА, меѓутоа пронајдени се многу лекарства кои му помагаат на организмот да се бори против ХИВ-вирусот и кои ја забавуваат штетата што вирусот ја предизвикува на имунитетот. Со лекување, многу луѓе со ХИВ-вирусот се во состојба да продолжат да се чувствуваат добро и да живеат здрав, активен и среќен живот.

## Кои се трошоците?

Сите лекувања на туберколоза се БЕСПЛАТНИ. За нив, не е потребна Medicare картичката.

Лекувањето на ХИВ-вирусот им е достапно на сите луѓе со Medicare картичка за мала цена.

# ДЕЛ 5: ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

## Дали ако имам ХИВ-вирус или туберколоза, тоа може да влијае на мојот доселенички статус?

### ТУБЕРКОЛОЗА:

Ако имате притаена или активна туберколоза, тоа НЕМА да влијае на вашиот доселенички статус во Австралија.

### ХИВ-вирусот:

Ако сте постојан жител и ако сте заразени од ХИВ-вирусот, тоа исто така НЕМА да влијае на вашиот доселенички статус. Меѓутоа, сите лица кои конкурираат за постојано жителство се обврзани да го исполнат барањето дека се во добра здравствена состојба кое вклучува тестирање за откривање на ХИВ-вирусот и рендгенска снимка на белите дробови. Законите и прописите за добивање статус на постојан жител се сложени. Затоа, важно е да побарате правен совет од квалификуван агент за доселување.

## Доверливо чување на лични податоци

Доверливото чување на личните податоци значи дека било кои податоци кои некоја здравствена служба ги има за вас се доверливи и таа не може да им ги даде тие податоци на други лица без ваша дозвола. Во Австралија е противзаконски ако било кој здравствен работник ги дискутира вашите лични податоци со други лица.

## Користење преведувачи

Кога зборувате со здравствени работници или други служби, можете да користите преведувач. Како сите здравствени работници, преведувачите МОРА да ја заштитат доверливоста на вашите лични податоци.

Ако користите преведувач, ќе можете:

- Да разберете се што ќе ви се каже
- Да бидете сигурни дека другата страна ќе разбере се што ќе кажете
- Да поставувате прашања и да добиете одговори
- Да бидете во состојба да разберете и да се согласите да ви се направат тестови или да ве лекуваат

Преведувачи преку телефон (TIS) исто така може да се користат било каде во Австралија. Телефонирајте на 131 450 (по цена на локален телефонски повик) и тие ќе ве поврзат со службата со која сакате да зборувате и со преведувач преку телефон.

## СЛУЖБИ КОИ МОЖЕ ДА ПОМОГНАТ:

**Клиники за белодробни заболувања**
За да ја најдете најблиската клиника за белодробни заболувања, отидете на Интернет страните:
www.health.nsw.gov.au/publichealth/infectious/tb/pdf/chest_clinics/pdf

**Клиники за полово здравје**
За да ја најдете најблиската клиника за полово здравје, погледнете под 'S' во телефонскиот именик Белите страни (White Pages) ИЛИ телефонирајте на информативната линија за полово здравје (Sexual Health Info line) на 1800 451 624

**За подетални информации во врска со ХИВ-вирусот на вашиот јазик, отидете на Интернет страните на:**
Multicultural HIV/AIDS and Hepatitis C Service (Мултикултурна служба за ХИВ/СИДА и Хепатитис Ц) www.multiculturalhivhepc.net.au

**За подетални информации во врска со туберколоза на вашиот јазик, отидете на Интернет страните на:**
Multicultural Health Communication Service (Мултикултурна служба за информации во врска со здравјето) www.mhcs.nsw.gov.au

**NSW Health Department (Оддел за здравство на Нов Јужен Велс)**
www.health.nsw.gov.au/PublicHealth/Infectious/TB/index.asp